# Споредба со цената за греење во Србија

05.06.2012

За споредба:
Денешна цена на греењето во Скопје по м2 е околу 8,8 Евра/м2 годишно за објект кој троши околу 140 КВч/м2 годишно и има 120 Вати/м2 ангажирана моќност.

По денешниот курс во Србија цената која ја бараат топланите е околу 1 евро/м2 на месечно ниво или 12 Евра/м2 на годишно ниво.

Бидејќи тоа е 30% повисоко од денешната цена, значи дека денешната цена е околу 9,2 Евра/м2 на годишно ниво.

Со оглед на фактот дека во последниот месец динарот во Србија падна повеќе од 10%, поради изборите и неможноста да формираат влада, значи во сезоната цената на греењето во евра е била за 10% поголема од денешната, а тоа значи дека Српските топлани во сезоната, во евра, имале над 15% повисока цена од нашата.

Со денешна цена која е 5% поголема од нашата, а со цена од 15% поголема од нашата во сезона, топланите во Србија имаат долг од 29 милијарди динари или по денешниот курс од 117 динара/евро долгот е 247 милиона евра, а ненаплатените побарувања се 23 милијарди динари или 196 милиони евра. Значи и кога се би наплатиле топланите би останале во загуба од 50 милиони евра.

Додатно на сето ова е фактот што Србија има пониска цена на гасот од Македонија заради поголемата потрошувачка 15 пати од нас, заради присуството на ГАЗПРОМ во српската нафтена индустрија како единствен сопственик и заради специјалните односи со Русија.